РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ
MINISTRIA E SPORTIT
Бр.-Nr. 02-460/3
17-03-2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ
## за 2024 година

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмите: Проект: „500 СТИПЕНДИИ - СПОРТСКА НАДЕЖ“**
**Проект: „Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на учеството на жената во спортот, родова еднаквост во сите сфери на функционирање на спортот “**

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**
Министерство за спорт – Сектор спорт

**Вид на програмата**

- ✓ ☐ Хоризонтална
- ☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Стратегијата за родова еднаквост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.170/22), е стратешки документ на Владата на Република Северна Македонија, која бара родово одговорен пристап во поставувањето на стратешките приоритети и финансиските предвидувања во рамки на постоечките програми и мерење на нивна реализација преку соодветни индикатори на успешност.

Стратегијата има за цел вклучување на родовата перспектива во програмите на сите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа, со цел креирање на родово одговорни политики.

Процесот на родово одговорно буџетирање, опишан е и разработен во Методологијата, целосно е усогласен со постојниот систем за стратешко планирање и буџетирање во министерствата при Владата на Република Северна Македонија и постапките за координација на политиките и донесување на одлуките од страна на Владата на РСМ.

Што се однесува до програмите од областа на спортот истите ја следат интенцијата со прилагодени активности за потребите на жените и мажите, во поглед на учеството, пристапот, правата и придобивките на жените и мажите.

## 2. Вовед

Во врска избраните програми, Министерството за спорт има обврска да достави Извештај за родово одговорното буџетирање за 2024 година.

За таа цел во содржината на извештајот дадена е соодветна анализа на состојбата на девојчињата спортистки и момчињата спортисти кои се стекнале со спортската категорија Спортист – спортска надеж во 2024 година.

Според тоа, подготвена е анализа со која е образложена состојбата на девојчињата и момчињата по возрасна категорија до 20 години во областа на спортот, а во согласност со родовата еднаквост како индетификатор за подобрување на потребите, интересите и приоритетите во областа која е предмет на овој извештај.

Законска основа е член 37- б став 1 од Законот за спортот ("Службен весник на Република Македонија" бр.81/08), според кој Владата на РМ донела нов акт - Уредба за условите, критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист- спортска надеж објавена во Службен весник број 127 од 2008 година, а изменување и дополнување на уредбата е направено во 2012 година, објавени во Службен весник број 107 од 2012 година.

Категорија спортист – Спортска надеж, за спортисти и спортистки во младинска конкуренција се доделува од 2008 година, на возраст до 20 години, кои се државјани на Републиката, кои оствариле спортски резултати во тековната натпреварувачка сезона, истите се членови на националните тимови во спортските федерации, кои пак реализираат национален спортски систем на натпревари, а спортистите учествуваат во меѓународниот систем на натпревари за возрасни категории до 20 години.

## 3. Позадина/контекст

Согласно член 3 став (1), (2) и (3) од Уредбата, условите и критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист – Спортска надеж се доделува на спортисти членови на:

1. Националните спортски федерации кои реализираат национален спортски систем на натпревари и учествуваат во меѓународниот систем на натпревари за возрасни категории до 20 години.

2.Спортисти во индивидуални спортови врз основа на остварени спортски резултати и врз основа на подготвена Ранг-листа на најуспешните млади спортисти до 20 години од соодветниот спорт од страна на националните спортски федерации.

3.Спортисти во екипните спортови врз основа на составот на националните тимови до 20 години и врз основа на подготвена Ранг-листа на најуспешните млади спортисти до 20 години од соодветниот спорт, подготвени од страна на националните спортски федерации.

Согласно измените и дополнувањата на Уредбата, категоријата спортист – Спортска надеж се доделува за остварени резултати во олимписки и

параолимписки односно неолимписки и непараолимписки спортови, што подразбира опфатени се сите спортови.

**4. Остварени резултати, промени и влијанија** (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

-Опфат на девојчиња и момчиња кои активно се занимаваат со спорт.
-Еднаков статус и третман во реализирањето на тренажниот процес на сите активни спортистки и спортисти.
-Националните спортски федерации да ја следат работата на стручните тимови со цел да го имаат предвид подеднаквото учество на жените и мажите во спортските клубови.
-Следење на спортските резултати на спортистките и спортистите во нивните матични спортски клубови и на селектираните спортистки и спортисти кои учествуваат во националните тимови и нивно учество на меѓународни натпревари.
-Преземање на мерки во подигнувањето на свеста на спортските субјекти за приближување на бројот на спортистките и спортистите во насока на родовата рамноправност и еднаквост, со примена на практики на сите нивоа во процесите на буџетирање.
-Продолжување на воспоставените политики и програми во надлежност на Министерството за спорт заради одржување на родовата перспектива во областа на спортот.
-Продолжување и одржување на воспоставениот функционален систем за координација и соработка помеѓу Министерството за спорт со националните спортски федерации, спортските клубови и сите спортски субјекти во планирање и следење на напредокот во постигнувањето на родовата еднаквост.
-Родовата еднаквост вклучена како посебен приоритет во стратешките цели на Министерството, Националната стратегија за развој на спортот на РСМ, со пренесување на истите во стратегиите на националните спортски федерации.
-Воспоставување на механизми и на локално ниво, со цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.
-Сите наведени индикатори се во согласност со одредбите од Стратегијата за родова еднаквост за период 2022-2027 година, а надополнета со политиките и програмите во надлежност на Министерството за спорт посебно во сегментот спорт.

**5. Анализа на буџетски алокации** (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).
Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;

Преку избраната Програма – Проектот „500 стипендии за млади талентирани спортисти" до 20 години, во периодот 2020-2024 година, доделени се:

| Година | Категоризирани | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 2020 | 500 | 304 | 196 |
| 2021 | 500 | 303 | 197 |
| 2022 | 499 | 299 | 200 |
| 2023 | 498 | 303 | 195 |
| 2024 | 469 | 302 | 167 |
| **Севкупно:** | **2466** | **1511** | **955** |

*Табела 1*

Преглед
на доделени стипендии во 2024 година
(со приказ во проценти и графикон – момчиња и девојчиња)




*Графикон 1*




*Графикон 2*

Според Графикон 2., во периодот 2020-2024 година, органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, има обврска да ја анализира состојбата по избраната програма во изминатите пет години во период од 2020 до 2024 година за Родово одговорното буџетирање и прикажани се процентуално доделените стипендии меѓу машките и женските спортисти, што претставува процес на следење и евалуација преку кој се мери прогресот во однос на постигнувањето на односната програма меѓу спортистите и спортистките.

| **Севкупно доделени стипендии 2020-2024** | **момчиња спортисти** | **девојчиња спортистки** |
|---|---|---|
| 2466 | 1511 | 955 |
| | 61% | 39% |

*Табела 2.*

**Преглед**
**на исплатени средства на корисниците во 2024 година**

| **Година** | **Буџетски средства** | **Месечна рата од 20% просек од 2023г.** |
|---|---|---|
| од 01.09.2024г. до 31.12.2024г. | 469x7.323,00 ден.=3.434.487,00 ден. (за м.09/2024година)<br>468x7.323,00 ден.=3.427.164,00 ден. (за м.10/2024 година)<br>468x7.323,00 ден.x2м.=6.854.328,00 ден. (за м.11 и 12/2024 година)<br>13.715.979,00 денари | 7.323,00 денари |
| од 01.03.2025г. | не се исплатени стипендии | |

***(во подготовка е исплатата на месечната рата за месец 01 и 02 2025г.)***

<u>Забелешка:</u> Според прикажаните параметри во прегледот, во м.09/2024 година,

забележливо е дека за 2024 година биле категоризирани 469 спортисти и истите се наоѓаат на Листата на категоризирани спортисти за 2024 година. Во месец октомври, има 1 спортист помалку за исплата. Тоа значи, заради негово учество на Европско првенство и остварен повисок спортски резултат, истиот е категоризиран во повисока спортска категорија, што е во согласност со член 39 став (5) од Законот за спортот. Оттаму, правата кои произлегуваат од стекнатата категорија во овој случај повисоката, а се однесуваат на паричниот надоместок, престануваат доколку во текот на оствареното право, спортистот остварил повисока категорија. До 30.09.2024 година, спортистот бил категоризиран во спортската категорија која е дел од проектот за кого даваме извештај, а од 01.10.2024 година веќе преминува во друг вид-повисока спортска категорија.

Според горе прикажаното, можеме да констатираме дека во наведениот период, видни се одредени поместувања во позитивна насока во областа на родовата еднаквост и еднаквите можности на девојчињата-спортистки и момчињата-спортисти на возраст до 20 години, но останува фактот дека вклученоста сеуште не е подеднакво и доволно застапена.

Од вкупно доделените стипендии во 2024 година, забележано е дека овој пат не станува збор за намалување на бројот на девојчињата, туку ранг-листите се составуваат според остварените спортски резултати за кои како државен орган на управување, немаме никакво влијание врз донесувањето на одлуките на федерациите.

Националните спортски федерации го одржуваат процесот на ревидирање на внатрешните политики и програмите со цел вклучување на родовата перспектива во секој спорт, а воедно обезбедуваат посебни поттикнувања и мотивирање на спортските клубови кои се натпреваруваат во женска конкуренција преку поддршка и стимулирање на жената во спортот.

Според член 37-а став (4) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24), правата кои произлегуваат од категоријата спортист – Спортска надеж се користат една година, во која се исплаќаат десет месечни парични надоместоци, во висина од 20% од просечната плата исплатена во Републиката во претходната година.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, а се исплаќаат преку Министерството за спорт до крајниот корисник-спортистката и спортистот.

Тоа претставува рамноправна распределба на буџетски средства на фер, праведен, ефикасен и одговорен начин.

Во вториот дел од избраната програма, која е составен дел од овој Извештај, ќе елаборираме воспоставена ставка во Програмата за распеделба на средствата од игри на среќа за 2024 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, за унапредување на спортот во Република Северна Македонија – Точка 7 – со наслов:

„Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на учеството на жената во спортот, родова еднаквост во сите сфери на функционирање на спортот.“

Ова е ставка во која с еобезбедени буџетски средства во висина од 4.000.000,00 денари, кои федерациите преку свои програми реализираат активности поврзани со подобрување на моменталната состојба во сферата на спортот.

По пат на објавен Конкурс, свои апликации доставиле 18 национални спортски федерации, и средствата ги имаат искористено за поддршка на жената во спортот на следниов начин:

1. Ракометната федерација на Македонија средствата во висина од 400.000,00 денари ги потрошила за проект под име: „Поддршка на женските ракометни клубови“, за кој преку соодветен акт, федерацијата доделила линеарно средства на 14 ракометни клубови учеснички во женската лига во натпреварувачката 2023/2024 година, а новина е што федерацијата спровела Live Stream, за што вкупната гледаност од 26-то коло изнесувала 3500 гледачи.

2. Кошаркарска федерација на Македонија средствата во висина од 400.000,00 денари, ги потрошила обезбедувајќи едукација на четворица млади македонски судии (2ж. + 2м.). Значи, со претходно воспоставена соработка со Кошаркарскиот сојуз на Словенија, учество земале четири лица, кои преку соодветна обука од реномирани предавачи од областа на кошаркарскиот спорт и можност за нивна лична надградба се стекнале со одредени меѓународно признати сертификати.

3. Атлетската федерација на Македонија средствата во висина од 300.000,00 денари ги потрошила за организација на семинар-обука за сафегардинг во спортот (Safeguarding in the sport), со учество на голем број на атлетичарки.

4. Федерацијата на боречки спортови, со доделените средства во висина од 300.000,00 денари, организирала камп за борење во Штип, во соработка со националните федерации на Косово и Албанија. Според програмата на федерацијата, учествувале 25 спортистки во борење, а тренажниот процес се одвивал 3 пати дневно, со проверка на техничко-тактичка подготвеност на борачките и воедно е направена селекција за учество на европски првенства во категориите У15, У17 и У20. Целта на овој капм е да се даде поддршка на жените во овој спорт, мотивација и вклучување на поголем број на девојчиња во спортот борење.

5. Боксерската федерација на Македонија доделените средства во висина од 300.000,00 денари, воопшто не ги искористила.

6. Македонската тениска федерација доделените средства во висина од 300.000,00 денари ги реализирала за развојниот фонд за тенисерки, како мотивација за постигнување на поголеми успеси на професионалните

турнири за две, во моментов нај добро рангирани тенисерки, Сара Митевска и Лина Ѓорческа. Дел од средствата согласно правилата и препозициите на турнирот и официјално постигнатите резултати, се исплатени како награден фонд за организација на Државно првенство за жени на кој учествувале спортистки во нај високата јуниорска конкуренција кои ќе учествуваат на повисок по ранг натпревар – ИТФ фјучерс за жени.

7. Бадминтон федерацијата доделените средства во висина од 200.000,00 денари ги реализирала на следниов начин:

- Курс за обука на натпреварувачи кои подолго време се присутни во бадминтон спортот и кои по успешно завршување на овој курс ќе бидат обучени да вршат оспособување за идни тренери (предавачи) на сегашни наставници по физичко образование во основните училишта во нашата земја т.н. “RSL BWF-BEC Shuttle Time Trainers-Tutors Course“. Главна цел на програмата BWF Shuttle Time е повеќе деца да бидат обучени да го практикуваат бадминтон спортот во училиштата и да го направат овој спорт еден од најпопуларните и најпристапните училишни спортови во светот. Обуката се одржала во Корча (Република Албанија) во период од 29.02.2024 година до 03.03.2024 година

- 2024 BEC Congress Budapest – одржан е во Будимпешта, Унгарија. Во програмата жени во спорт ("Women in sport"), особено наменски донесена, укажана е потребата од зголемување на бројот на жени во смисла на секој нареден конгрес, секоја национална спортска федерација да предложи своја претставничка која ќе земе учество, а со тоа да се добие ново искуство во создавање на нови услови во еден процес на организација на Конгресот, а во понатамошните фази истите да бидат вклучени во органите и телата на националните спортски федерации.

- Serbia Youth/U 17 International – учество на меѓународен натпревар (еден од најпрестижните натревари од овој вид), под покровителство на Бадминтон федерацијата на Србија. Карактеристично за него е тоа што се одржува во период после годишното Собрание на БЕ, каде дел од веќе предложените насоки во пракса можат да се спроведат, а во нив да учествуваат и натпреварувачите, тренерите, како и други официјални лица.

8. Велосипедска федерација на Македонија, доделените средства во висина од 100.000,00 денари ги искористиле за учество на две велосипедистки членки на националниот тим на Балканско првенство, на кое една од спортистките освојува 7-мо место, што е значителен успех во овој спорт и поттик за развојот на женскиот велосипедизам во нашата држава.

9. Шаховска федерација на Македонија, доделените средства во висина од 250.000,00 денари, ги наменила за организација на поединечен женски државен шампионат одржан во периодот од 11 до 18 мај во х.Континентал-Скопје, со одреден награден фонд кон спортистките. Исто така, средства се

искористени и за учество на женскиот национален тим на Шаховска Олимпијада одржана во Будимпешта во периодот од 10 до 23 септември.

10. Триатлон федерацијата на Македонија, доделените средства во висина од 100.00,00 денари ги искористила за проект со име: „Приклучи се“, кој има цел да инспирира поголем дел на девојчиња и жени да се приклучат во светот на триатлон спортот. Истиот е реализиран помеѓу две полусезони од мај до септември 2024 година, во кој главно учество имаат спортистки од целата држава кои преку свое искуство , даваат мотивирачки пораки, инспирираат други жени да се приклучат кон овој спорт.

11. Карате федерација на Македонија, доделените средства во висина од 200.000,00 денари ги искористила за подобрување на квалитетот на судење и стекнување на највисоки судиски лиценци кај жените судии, членови на Судиската комисија на Карате федерацијата на Република Северна Македонија. Со овој проект опфатени се жени судии кои поседуваат високи судиски карате лиценци.

12. Автомобилистичка федерација на Македонија, доделените средства во висина од 100.000,00 денари, се потрошени за организација на 8-мо Мартовско женско рели, во организација на Авто клубот „Ци-Форс“ од Скопје. Федерација согласно своите права и надлежности, имала обврска да ја информира и FIA-Меѓународната Авто Федерација. На ова рели учествувале 80 екипи (возачи и совозачки, на возраст од 18 години до 70 години. Возењето е по претходно утврдена етапа низ улиците на град Скопје или точно возење и на крај релито се вози кон паркингот на спортската сала ВИП Арената во Скопје.

13. Федерацијата „Спорт за сите“, доделените средства во висина од 200.000,00 денари, ги искористила за организација на неколку масовни настани во кои биле опфатени студенти од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

14. Федерацијата на училишен спорт на Македонија, доделените средства во висина од 200.000,00 денари ги искористила за организација на бројни планирани активности поврзани со поддршката на жената во спортот-состаноци, предавања и трибини, на кои учество земале 800 наставници-600 од женски пол и 200 наставници од машки пол.

15. Националната федерација на лица со оштетен слух, доделените средства во висина од 150.000,00 денари, ги искористила за оргнизација на државни првенства во атлетика и пинг понг.

16. Национална федерација на лица со оштетен вид, доделените средства во висина од 150.000,00 денари, ги искористила за организација на државно првенство во шах и учество на спортисти во гол-бал.

17. Биатлон федерација на Македонија, доделените средства во висина од 200.000,00 денари, ги планирале во организација на две трибини во општина Битола и општина Прилеп, на кои учествувале спортски клубови и невладини организации.

18. Традиционална таеквондо федерација на Македонија, доделените средства во висина од 200.000,00 денари ги реализирала за проект на кој учествувале многу девојчиња од таеквондо клубовите во нашата држава, а тоа било и мотив да се отворат дополнително други спортски клубови во југо-западниот дел на нашата држава.

19.

**6. Тесни грла и научени лекции** (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Зголемување на бројот на девојчиња вклучени во Проектот „500 стипендии Спортска надеж", преку зачленување во спортските клубови.
Одржување на воспоставениот систем на натпревари во машка и женска конкуренција вклучително и во националните тимови.
Континуиран процес на ревидирање на политиките и програмите во надлежност на Министерството за спорт со цел вклучување на родовата перспектива во истите.
Родово одговорен пристап при подготовката на термини за користење на спортските објекти со цел на сите возрасни категории и социјални стуктури да им се овозможи и понуди вклученост во спортот и спортско-рекреативни активности во насока на подигнување на квалитетот на нивното живеење.
Обезбеден непречен пристап на спортистките и спортистите со телесен инвалидитет во спортските објекти.
Планирање програми и обезбедување на средства за стимулирано учество на жената во спортот, како и поддршка и стимулирање на жените за активност во постојните програми на Министерството за спорт.
Едукација на националните спортски федерации за организирање на одржлив спортски ситем во кои ќе се предвидат и активности за намалување на родовата нееднаквост во одредени спортови и спортски дисциплини.

**7. Заклучоци и препораки**

- Зголемена општествена свест за значењето и важноста на родовата еднаквост на жените и мажите.

- Родова перспектива во функција на правата на жените во работењето на спортските клубови и националните спортски федерации и во органите и телата на спортските клубови односно федерациите.
- Обезбедување на посебни поттикнувања и мотивирање на спортски клубови кои се натпреваруваат во женска конкуренција и преку објавување на конкурсите од страна на Министерството за спорт при аплицирање во сегментите во кои треба да бидат опфатени и спортистките.
- Спроведување на соодветни основни и посебни мерки за имплементацијата на Законот за еднакви можност на жените и мажите.

Министер,
Борко Ристовски

Подготвила: Татјана Блажевска-Координаторка за РЕ
Контролирал: Игорче Кузманоски
Одобрил: Александар Пујовски

12..03.2025 година